CEEOL copyright 2024

378.4-053.88(497.711)

# Активностите на Универзитетот Трето доба – Скопје

**М-р Томе Димишковски,**
Претседател на УО на Универзитетот Трето доба

Иницијативата за основање на Универзитетот Трето доба во Република Македонија произлезе од заклучокот на расправата на јавната трибина, на тема: Образование за живот во трето доба, што беше одржана на 17 декември 1998 година во салата на град Скопје, на која проф. Дивна Лакинска пренесе искуства од работата на универзитетите трето доба во: Полска, Франција, Словенија и други земји.

Во рамките на планираните активности за одбележување на 1999 година како година на старите лица во светот, на 16 февруари 1999 година се одржа Основачкото собрание на Универзитетот Трето доба – Скопје, како здружение кое треба да делува на територијата на цела Македонија.

Со формирањето на Универзитетот Трето доба во Република Македонија, проф. д-р Дивна Лакинска, експерт за образование на возрасните, иницира и реализира процес на граѓанско образовно движење на возрасните за квалитетно подобрување и содржинско осмислување на животот на постарите луѓе, менувајќи го сфаќањето за улогата на доживотното учење во животот на луѓето од третото доба. Идејата е воведување на образование за забава, насочено кон иманентните потреби на постарите луѓе да бидат оспособени за насочено планирање и самоорганизирање на разновидни доброволни активности за осмислено исполнување на слободното време и ефикасна инклузија на пензионерите во општествениот живот, нови амбиции и перспективи за постарите луѓе.

Потврда за позитивната улога на првичните резултати од делувањето на Универзитетот Трето доба – Скопје, беше постојаниот пораст на бројот на активните членови – студенти - слушатели - ученици, во облиците на делување на ова Здружение на граѓани, постојаното збогатување на програмските содржини и облици на делување, како и неговото претставување како позитивен пример на:

- Симпозиумот што го организира Министерството за труд и социјална политика и Заводот за социјални дејности на РМ, на тема: *Староста и стареењето во*



CEEOL copyright 2024

CEEOL copyright 2024



*Република Македонија;*

- Јавната трибина, на тема: *Состојби и перспективи на Универзитетот Трето доба – Скопје,* што се одржа во салата на Собранието на град Скопје, на 21 декември 2001 година;
- Организираниот семинар во пензионерското одморалиште Катлановска Бања, на тема: *Можен ли е живот без лекови во третото доба;*
- Републичко советување, на тема: *Доживотното учење - нов облик на пензионерскиот живот,* одржано на 30 март 2002 година во Сојузот на пензионери на Македонија;
- Основањето разграноци на Универзитетот Трето доба во Битола, Гази Баба и Гостивар.

Дивна Лакинска иницира нова филозофија на третото доба, таа беше главната спона и носител на неколку проекти поддржани од HELPAGE INTERNATIONAL, преку кои Универзитетот Трето доба стекна меѓународна афирмација.

Членовите на Универзитетот Трето доба упатуваат јавна благодарност на проф. д-р Дивна Лакинска за нејзиниот огромен придонес во осмислувањето и реализирањето на едукативната програма за доживотно учење и активен живот во третото доба.

на иновативна Програма, која



CEEOL copyright 2024